| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Плански документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 Општина Штип |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН "СТУДИО АТРИМ" ДОО Штип |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Штип |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | дипл.инж.арх.Весна Василева<br>дипл.инж.арх. Александар Василев |
| Назив на работното место | Овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | „СТУДИО АТРИУМ" ДОО ШТИП<br>032/383-033 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Генералниот урбанистички план на Штип, (одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г). Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година со бр.08-1080/1 од 08.02.2023 год.

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да ☒
Не ☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Предложените плански решенија за уредување на просторот се базираат врз Генералниот урбанистички план на Штип, (одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г) и Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година со бр.08-1080/1 од 08.02.2023 година, како и измените и дополнувањата на ДУП за дел од УБ 65, 67, 68, (одлука 07-853/1 од 30.01.2014г. и 08-1979/1 од 26.02.2015г.), измени и дополнување на ДУП за дел од Блок 65 и 67 индустриска зона (Одлука бр. 0701-3834/1 од 14.07.2010), измена и дополнување на поранешна ПИ "Македонка" УБ -65, 67, 68 (Одлука бр.0701-3759/1 од 14.12.2007г) и ДУП за поранешна ПИ "Македонка" УБ 68 (Одлука бр. 0701-508/1 од 17.02.2006г).

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Не

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Не

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

Да, со површина од 45 690,23 м2, со местоположба во индустриската зона „Север" дел од „Македонка", при што би се изградиле градби кои се во класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа и класа Е инфраструктура.

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Со планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 К.О. Штип 1, Општина Штип, како просторен развоjен документ, крајна цел е обезбедување на просторна функционална и обликувана целина со акцент на новосоздадените објекти,

оптимално користење на земјиштето, рамномерен и хармонизиран просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа, и би се подобриле условите за работа. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот поосторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија. Ќе се задржи примарната намена на градежното земјиште во класата за производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа, и дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни просторни решенија.

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

Предмет на планскиот документ е Плански опфат со површина од 45 690,23 м2 во и дустриска зона во К.О.Штип 1 во Општина Штип каде како предмет се планирањето, измената и дополнувањето на просторот во ДУП.

Периодот за донесување на планскиот документ.

Период од 2019 до 2024

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

5 години

Поостор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

Планскиот опфат -планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип, е со местоположба во индустриската зона „Север", Границата на опфатот е дефинирана со осовините на околните сообраќајници и граници на парцели и тоа: На североисточната страна границата се движи по осовината на постојната индустриска улица "А" за пристап до поранешна ПИ "Македонка"; На северната страна границата продолжува да се движи по осовината на постојната индустриска улица "А"; На западната страна границата оди по осовината на постојната индустриска улица во поранешна ПИ "Македонка" – индустриска улица "Б"; На јужната страна границата оди по осовината на планираната индустриска улица "Д"; на исток границата од постојната индустриска улица "А" ја сече КП 213, КП 408/1 и продолжува по границите на КП 408/10 сè до пресек со осовината на планираната индустриска улица "Д".

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☒
Не ☐

Дали е приложена копија од целите?

Да ☐
Не ☒

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>При имплементација на целите на планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип, се очекуваат позитивни влијанија врз насоките на перспективен развој, хармонизацијата и просторна функционална и обликувана целина со акцент на новосоздадените објекти, оптимално користење на земјиштето, рамномерен и хармонизиран просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа, и би се подобриле условите за работа. Како потенцијални влијанија при имплементацијата на планскиот документ врз животната средина нема (само во периодот на изградба би имало: бучава, формирање на цврст комунален отпад, емисии од ситни честици на прав PM 10 и вибрации). | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Планскиот опфат -планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип, преставува сочувана средина без еколошки нарушувања на почвата и чист воздух, и ова би останало при подолг временски период и би немало повратни влијанија врз просторот. Како веројатности, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанија во однос со биодиверзитетот, населението, човековото здравје, почва, вода, воздух, климатски фактори, материјални придобивки, културно наследство и пејсаж би имале сигурно/можно влијание. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето е минимално, во однос со просторот што би го зафатил планскиот опфат - 45 690,23м2, со местоположба во индустриската зона „Север" , при што како аерозагадувачи ќе се јавуваат издувните гасови на моторните возила и оџаците за кои би се преземале конкретни плански решенија за заштита, а како загадувачи на почвата ќе се јавува цврстиот комунален отпад и друг вид на отпад од технолошките процеси, кој би се собирал во контејнери кои редовно би се празнеле од соодветни овластени оператори за отпад и воедно не би имале загадување на почвата и подземните води. Како очекувани позитивни кумулативни ефекти може да се набројат, |

| | |
|---|---|
| | поголема просторна функционална и обликувана целина на парцелите со акцент на новосоздадените објекти, оптимално користење на земјиштето, рамномерен и хармонизиран просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, хумана средина за работа, и би се обезбедиле подобри услови за работа, вработувања и наплата на даноци. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | / |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | При катастрофи кои се однесуваат на земјотреси, на теренот кој е во благ пад и со релативно добри геомеханички карактеристики заштитата е по пат на примена на технички прописи за асеизмичка градба; во близина е реката Брегалница но немаме загрозеност од поплави; воени разурнувања кои се тесно поврзани со појава на пожар се преземаат соодветни мерки, во мерките за заштита од воени разузнавања се изработува посебен атест, ако има потреба, а што се во согласност со ПП за одбрана и заштита како и член 6 од Уредбата на начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите(Сл.Весник на Р.М бр. 105/05), врз основа на процената на загрозеност на планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка“, дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип, спрема член 61 од Законот за ЗС се опфатени следните урбанистичко-технички мерки за ЗС: Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи; Заштита и спасување од поплави; и Заштита и спасување од урнатини. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Површината на Планскиот опфат -планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка“, дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип е 45 690,23м2, со местоположба во индустриската зона „Север“. Директно ќе се засегнати граѓаните кои живеат во непосредна близина и индиректно ќе е засегнато целото население во град Штип. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Измената на ДУП треба да обезбеди и да ги задоволи насоките за иден просторен развој преку точен степен на искристеност на земјиштето, обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот, | |

| | |
|---|---|
| да се одредат намени компатибилни на основната намена дефинирана со плански документ а согласно правилникот. Тенденциите за раст и развој, на расположивите ресурси се фактори за идниот развој, се цени дека во наредниот период ќе се динамизира стапката и ќе се создадат услови за стабилен и континуиран растеж и развој што директно и индиректно ќе влијаат врз населението т.е ќе се зголеми бројот на градби од класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа и класа Е - инфраструктура. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Просторниот капацитет на планскиот опфат-планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип, максимално ја почитува веќе постојната основна намена на земјиштето согласно ГУП за град Штип и се базира на намената за секоја градежна парцела поодделно во согласност со член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 78/06), Планската програма е изработена врз основа на член 15 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11). | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | / |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | / |
| Интензивна употреба на земјиштето | / |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | / |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во рамките на планскиот опфат кој е со површина од 45 690, 23 м2, и местоположба во индустриската зона во поранешна Македонка, ќе се изградат и доoформат објекти кои се во класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа кои ќе се во хармонизација на просторните природни квалитети, како и класа Е - инфраструктура. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Планскиот опфат -планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, 23 и 25 КО | |

| |
|---|
| Штип 1, Општина Штип, е со местоположба во индустриската зона „Север", Границата на опфатот е дефинирана со осовините на околните сообраќајници и граници на парцели и тоа: На североисточната страна границата се движи по осовината на постојната индустриска улица "А" за пристап до поранешна ПИ "Македонка"; На северната страна границата продолжува да се движи по осовината на постојната индустриска улица "А"; На западната страна границата оди по осовината на постојната индустриска улица во поранешна ПИ "Македонка" – индустриска улица "Б"; На јужната страна границата оди по осовината на планираната индустриска улица "Д"; на исток границата од постојната индустриска улица "А" ја сече КП 213, КП 408/1 и продолжува по границите на КП 408/10 сè до пресек со осовината на планираната индустриска улица "Д". Индустрискиот и демографскиот развој е еден од основните предуслови за одредување на просторниот развој на градот. Самата намена на површината на опфатот ќе ја задржува примарната намена на градежното земјиште за лесна индустија т.е објекти -кои се во класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа и класа Е - инфраструктура, не би имале негативни долготрајни влијанија врз животната средина. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со доуредување на просторот што е во границите на планскиот опфат (местоположбата е во индустриска зона) како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа и класа Е-инфраструктура, би се овозможило оптимално користење на земјиштето, рамномерен и хармонизиран просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа, и би се подобриле условите за работа. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Целта на овој план е предвидување на нови површини за градба, како и формирање градежни парцели и потребни паркинг простори, односно изградбата на современи објекти -кои се во класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа во мала мера се во конфликт со заштита на животната средина и краткотрајно (додека трае изградбата на објектите ) и можното негативно влијание врз различните елементи на животната средина би биле со мал интензитет и само на локално ниво но во предвид треба да се земе што ова е индустриска зона во Општина Штип. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Во хиерархијата на планирање за планскиот документ за измена и дополнување на ДУП за дел од поранешна ПИ „Македонка", дел од УБ 65, 67 и 68 со опфат на УП 20, 21, |

| | |
|---|---|
| 23 и 25 КО Штип 1, Општина Штип, може да се започне со донесениот Генералниот урбанистички план на Штип, (одлука бр.08-7987/1 од 31.12.2022г) и Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година со бр.08-1080/1 од 08.02.2023 година, како и измените и дополнувањата на ДУП за дел од УБ 65, 67, 68, (одлука 07-853/1 од 30.01.2014г. и 08-1979/1 од 26.02.2015г.), измени и дополнување на ДУП за дел од Блок 65 и 67 индустриска зона (Одлука бр. 0701-3834/1 од 14.07.2010), измена и дополнување на поранешна ПИ "Македонка" УБ -65, 67, 68 (Одлука бр.0701-3759/1 од 14.12.2007г) и ДУП за поранешна ПИ "Македонка" УБ 68 (Одлука бр. 0701-508/1 од 17.02.2006г). Планскиот опфат е со местоположба во индустриската зона „Север", и е со површина од 45 690,23м2, намената на површината на опфатот ќе ја задржува примарната намена на градежното земјиште за лесна индустија т.е објекти кои се во класата Г - производство, дистрибуција и сервис како и класи кои се компатибилни на основната класа како и класа Е-инфраструктура и истиот не е предмет на спроведување на стратегиска оцена на животната средина. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>/ | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>/ | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>на Општина Штип<br>________________<br>Иван Јорданов |
| Датум 24.04.2023 год.<br>Место Штип<br>Архивски бр.18-378/11 | М.П. |